__Прашања:__ **1.Дали се прави означување на соопштенија, видеа, фотографии создадени од службите за односи со јавноста со водени жигови? Мерка од Стратегијата за транспарентност, приоритетна област Активна транспарентност на Владата и другите органи на извршната власт; Доколку да, ве молиме споделете линкови од веста; 2. Дали е донесен интерен акт на ниво на институција за спроведување на начелото на делегирање на надлежноста согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер? Мерка од Стратегијата за транспарентност, приоритетна област Пристап до информации од јавен карактер; Доколку да, ве молиме приложете решение за назначеното лице. 3. Дали се донесени интерни процедури за постапување по барање за пристап до информации и процедура за активно објавување на податоците со помош на АСПИ? Мерка од Стратегијата за транспарентност, приоритетна област Пристап до информации од јавен карактер; Доколку да, ве молиме приложете линкови што го потврдуваат одговорот; 4. Дали се објавени внатрешните процедури за јавни набавки на веб страницата на институцијата? Мерка од Стратегијата за транспарентност, приоритетна област Фискална транспарентност на владата и другите органи на извршната власт; Доколку да, ве молиме приложете линкови што го потврдуваат одговорот; 5. Дали се направи надградба на Алатката за отчетност на трошоците на носителите на јавните функции? Мерка од Стратегијата за транспарентност, приоритетна област Фискална транспарентност на владата и другите органи на извршната власт; Доколку да, ве молиме приложете линкови што го потврдуваат одговорот; 6. Дали е направена промоција на порталот за отворени податоци и достапните отворени податоци преку социјални мрежи, настани, промотивни состаноци? Мерка од Стратегијата за транспарентност, приоритетна област Отворени податоци и користење на податоците од јавниот сектор; Доколку да, ве молиме приложете линкови што го потврдуваат одговорот; 7. Дали е започнато со објавување на податоците кои ги побарале граѓанските организации и приватните компании опфатени со екс пост анализата за спроведување на Законот за користење на податоците од јавен сектор? Мерка од Стратегијата за транспарентност, приоритетна област Отворени податоци и користење на податоците од јавниот сектор; Доколку да, ве молиме приложете линкови што го потврдуваат одговорот; 8. Дали е започнато со објавување на предлог теми за дискусија на ЕНЕР за актуелни прашања кои се од јавен интерес? Мерка од Стратегијата за транспарентност, приоритетна област Транспарентност при носење акти и одлуки; Доколку да, ве молиме приложете линкови што го потврдуваат одговорот;**

Одговор:
1. **__Да__** – при испраќање на производите од областа на односите со јавноста (соопштенија), истите се поставуваат на соодветен меморандум со воден жиг. Истите се поставуваат на веб-страницата на Министерството во текстуален формат.

2. **__Да__** – надлежноста согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во Министерството за одбрана е делегирана со Решение донесено од страна на Министерот за одбрана. Во продолжение Решение за лицето во Министерството, назначено за лице задолжено за спроведување на оваа постапка:

https://mod.gov.mk/%d1%81%d0%bb%d0%be%d0%b1%d0%be%d0%b4%d0%b5%d0%bd-%d0%bf%d1%80%d0%b8%d1%81%d1%82%d0%b0%d0%bf-%d0%b4%d0%be-%d0%b8%d0%bd%d1%84%d0%be%d1%80%d0%bc%d0%b0%d1%86%d0%b8%d0%b8-%d0%be%d0%b4-%d1%98%d0%b0%d0%b2/ (детално наведено кои лица се одредени и со кое Решение – Решение за определување на лица за посредување со информации од јавен карактер во МО бр. 02-5101/1 и бр. 02-5100/1 од 18.07.2022 година). Прилог 1 и прилог 2.

3. **Да** – спроведувањето на процесот за одговор согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер е дефинирано со Правилникот за транспарентност во работењето на Министерството за одбрана бр.01/342/1 од 12.01.2018 година и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за транспарентност во работењето на Министерството за одбрана бр. 01-323/1 од 14.01.2021 година.
Линкови:
https://mod.gov.mk/%d0%bb%d0%b5%d0%b3%d0%b8%d1%81%d0%bb%d0%b0%d1%82%d0%b8%d0%b2%d0%b0/
- Правилник од 2018 година
- Правилник за изменување и дополнување на Правилник од 2021 година
4. **Да** – сите правилници согласно кои се спроведуваат процесите за работа во Министерството се објавени на веб-страницата, во делот Легислатива – Подзаконски акти. Дополнително, сите информации поврзани со Јавните набавки (Планови за јавни набавки по години, Планирани набавки, Објавени огласи, Склучени договори, Реализирани договори и Анекси) директно поврзани со ЕСЈН и во различни формати, вклучувајќи и машински читлив формат се објавени на веб-страницата на Министерството (линк - јавни набавки)

5. Алатката за отчетност на трошоците на носителите на јавни функции не е во надлежност на Министерството за одбрана. При побарување на информации од Владата со цел ажурирање на податоците, Министерството истите ги доставува.

6. Порталот за отворени податоци не е во надлежност на Министерството за одбрана. Министерството своите информации од финансиска природа ги објавува и во машински читлив формат за слободно користење и анализа (пример: Буџет).

7. Согласно правилникот за измена и дополнување на Правилникот за транспарентност во Министерството за одбрана од 14.01.2021 година, МО ги објавува сите одговори на прашањата поставени согласно Законот за СПИЈК. Тоа ги вклучува и барањата пристигнати од страна на граѓанските организации и други физички и правни лица (линк – Прашања/Барања и одговори).

8. Министерството за одбрана го користи порталот ЕНЕР за објава на разни предлог-законски решенија во надлежност и од домен на одбраната. Дополнително линкот до ЕНЕР заедно со Предлог-законското решение и Проценката на влијанието на регулативата се поставени на веб-страницата на Министерството (линк - Предлог-закони).